**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 17-10-2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4926 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Јавно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1);

3. **Период опфатен со надзорот**: од 2 до 11 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 17 октомври 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Вкупното времетраење на новинарските прилози за актуелните настани од општествено - политичкиот живот во Република Македонија, опфатени во ТВ Дневникот 2 (19 часот и 30 минути) на Првиот

програмски сервис од Македонската телевизија, во анализираните десет дена за периодот од 2 до 11 октомври 2016 година, изнесува - 3 часа 28 минути и 14 секунди.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| МРТ 1 | Траење | Процент |
|---|---|---|
| СДСМ | 00:11:50 | 5,68 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:22:56 | 11,01 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:12:25 | 5,96 % |
| Без субјекти | 00:19:10 | 9,20 % |
| Влада на РМ | 00:35:35 | 17,09 % |
| Други субјекти | 00:37:47 | 18,14 % |
| Граѓански сектор | 00:16:56 | 8,13 % |
| ГДОМ | 00:00:38 | 0,30 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:06:33 | 3,15 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:09:08 | 4,39 % |
| Судство | 00:06:17 | 3,02 % |
| Собрание на РМ | 00:06:19 | 3,03 % |
| Левица | 00:00:41 | 0,33 % |
| Специјално обвинителство | 00:01:14 | 0,59 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:16 | 1,09 % |
| Демократски сојуз | 00:00:56 | 0,45 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:59 | 0,47 % |
| Шарена револуција | 00:00:36 | 0,29 % |
| Јавно обвинителство | 00:01:43 | 0,82 % |
| Експерти/аналитичари | 00:05:54 | 2,83 % |
| Локална самоуправа | 00:02:38 | 1,26 % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:00:32 | 0,26 % |
| Претседател на РМ | 00:02:38 | 1,26 % |
| АРМ | 00:01:24 | 0,67 % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:01:09 | 0,55 % |
| | **Вкупно: 03:28:14** | 100 % |

Роковите за распуштањето на Собранието, условени од расправите за предлог-буџетот на државата за 2017 година, од предлог-измените на законите по кои функционира Специјалното јавно обвинителство, како и нужноста за нивелирање на диспаритетот во постојните изборни единици - претставуваат централни, внатрешно-политички теми околу кои се структурираат приоритетните новинарски прилози во Дневникот 2 (19:30 часот), анализиран во десетдневниот период од 2 до 11 октомври 2016 година. Но, токму во смисла на - формативни теми, за примарните новинарски прилози, забележливо е дека кон крајот на првата недела опфатена со мониторингот (7, 8 и 9 октомври), интересот на информативната редакција се свртува и кон глобални политички актуелности (*дуелот на американските претседателски кандидати – Трамп/Клинтон*), или кон глобално важни настани произлезени од последици по природни катастрофи (*атлантскиот ураган „Метју“*). За извештајот е важно да се напомене дека на 6 и на 9 октомври за анализа се земени изданијата на дневниците од 23 часот, затоа што во тие датуми од мониторингот, вообичаениот термин за ТВ Дневникот

2 беше резервиран за преноси од фудбалски натпревари на македонската репрезентација. На 10 октомври, пак, изданието на ТВ Дневникот 2 е одложено за 20 часот поради Свечената академија за чествување на 11 октомври, денот на народното востание.

Вака содржински и уредувачки врамен, новинарскиот интерес за прилози произлезени од партиските авто-промотивни активности беше сведен на мошне рационален пристап што објективно - преку вест, извештај и соопштение, ќе ги прикаже исклучиво политичките поенти од релевантните настани за периодот од 2 до 11 октомври што даваат поширока јавна претстава за програмската понуда со која одредени партии ќе настапат на 11 декември, датумот договорен за одржување на предвремените парламентарни избори (извештаи: *Конгрес на СДСМ, промоција на „Планот за Македонија"; ВМРО ДПМНЕ: „Промовиран проект за 140 нови градинки"*; извештаи: *„СДСМ и Сојузот на борците повикуваат на протестен марш под мотото - Борбата продолжува, гласот победува"*; / вести (во низа): *ВМРО ДПМНЕ на работни средби со сенатори и конгресмени од Вашингтон (САД); „Економија: Награди за најдобри брзорастечки фирми – Министерство за труд и социјална политика / Холандска програма за поддршка на работодавачите / Конфедерација на работодавачи; „СДСМ: Малите бизниси приоритет во програмата"; „ВМРО ДПМНЕ: Во време на СДСМ немаше мерки за вработувања"*). Другите облици на партиски активности, во новинарските извештаи се држат до политичката дебата формализирана во парламентарните или во комисиските расправи, секогаш професионално проследена со сопоставување различни политички гледишта за една атуелна општествено-политичка тема, и редовно со точно адресирање на партиските реакции за политиките што ги спроведува одредено министерство, орган на државната управа, јавно претпријатие или локална самоуправа (*Кирацовски, дополнителниот заменски министер за информатичко општество и администрација од редовите на СДСМ, бара одложување на оценувањето за администрацијата / реакција на МИОА; Богов (НБРМ) и Миновски (МФ) за заклучоците од средбите со ММФ и Светска банка / реакција на Наумов, заменскиот министер за финансии, дека „се игнорираат сериозни забелешки" од споменатите меѓународни финансиски институции; несогласувања меѓу Спасовски, министерот за внатрешни работи, и Андонов, заменскиот министер, во врска со официјалните, јавни настапи на МВР како институција; СДСМ го критикува Министерството за култура поради запоставувањето на Скопскиот аквадукт и за уништувањето на охридскиот Плаошник / официјално реплицирачко соопштение на Министерството за култура; Павле Трајанов: „Има време во Собранието да минат законските измени што ги бара СЈО" / реакции на СДСМ, на ДУИ, на ДПА и на ВМРО ДПМНЕ; „СТС Текстајлс, германската компанија вложува во Велес" / СДСМ: Македонија го допре дното по странски директни инвестиции"; Протест на 34 одбиени кандидати за полицајци / Спасовски (МВР) – „Министерството за финансии одобрува средства за вработување" / МФ: „Средства се обезбедени, МВР вработува"/ Андонов (заменски министер во МВР) во работна посета на СВР Скопје, за преиспитување на условите за работа*).

***<u>Табела 2 - Директни обраќања на субјектите</u>***

| МРТ 1 | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| СДСМ | 00:05:46 | 7,72 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:06:52 | 9,19 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:04:24 | 5,89 | % |
| Влада на РМ | 00:14:29 | 19,39 | % |
| Други субјекти | 00:15:02 | 20,13 | % |
| Граѓански сектор | 00:06:22 | 8,52 | % |
| ГДОМ | 00:00:27 | 0,60 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:03:02 | 4,06 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:04:01 | 5,38 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Без субјекти | 00:01:57 | 2,61 | % |
| Собрание на РМ | 00:01:46 | 2,37 | % |
| Левица | 00:00:28 | 0,62 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:09 | 1,54 | % |
| Демократски сојуз | 00:00:11 | 0,25 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:38 | 0,85 | % |
| Шарена револуција | 00:00:33 | 0,74 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:02:48 | 3,75 | % |
| Локална самоуправа | 00:00:55 | 1,23 | % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:00:26 | 0,58 | % |
| Судство | 00:00:55 | 1,23 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:57 | 1,27 | % |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:00:28 | 0,62 | % |
| АРМ | 00:00:42 | 0,94 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:23 | 0,51 | % |
| | **Вкупно: 01:14:41** | 100 | % |

Во десетдневниот период методолошки изделен за мониторинг, активностите на Владата новинарски беа проследени низ куси вести, а ги опфатија следниве актуелни настани: Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието и „Еразмус Плус", европската образовна програма, промовираат нов начин за оценување на учениците; МОН ветува 670 стипендии за студенти Роми; официјална средба меѓу македонските и косовските министри за образование; работна средба на министрите за одбрана од балканскиот регион и формирање „Балкански медицински сили"; почеток на владината одлука за обештетување по августовските поплави; Попоски, министерот за надворешни работи, учесник на бриселската „Конференција за реадмисија на економските мигранти од Авганистан"; две нови мерки за вработување од проектот „Македонија вработува - 2"; 654 нови вработувања во МВР; нов ургентен центар во Куманово.

Информативната редакција на Првиот програмски сервис во анализираниот десетдневен период продуцираше седум новинарски осврта, на различни, актуелни или актуелизирани општествени и политички теми: *„21 година од атентатот врз Киро Глигоров", „Гласање на буџетот, па распуштање на Парламентот?", „Хан во Скопје доаѓа со предупредување – дипломатски гледишта (Нано Ружин и Ристо Никовски)", „Дивите депонии – еколошки жешки точки", „Инвестирање во обновливи извори на енергија", „Социјала – Во Скопје живеат 300 бездомници", „75 години Антифашистичко востание".*

Формално-правните, политичките услови и општествено-политичките околности што непосредно се поврзуваат со различни аспекти од т.н. „Договор од Пржино", а имено се однесуваат на роковите за распуштањето на Собранието, за работата на Специјалното јавно обвинителство и на Државната изборна комисија, или, пак, за одредени одлуки на Уставниот суд, продуцираа и новинарски прилози чија содржина е поврзана со различни (не)официјални становишта на т.н. „меѓународна заедница" (*одделни прес-конференции на ЕУ-амбасадорот Самуел Жбогар и на ЕУ-парламентарецот Ричард Ховит – барање да се почитува политичкиот договор околу работата на СЈО; Есенска сесија на Парламентарното заседание на ОБСЕ во Скопје; Маја Коцијанчич, портпаролката на ЕУ-парламентот, ги посочува причините за посетата на ЕУ-комесарот за проширување Јоханес Хан во Скопје; „Конференција за финансирање на политичките партии во Република Македонија - фер кампања за кредибилни избори"*).

Од актуелните општествено-политички теми околу кои покрај министерствата се ангажирани и академската заедница, граѓански иницијативи и странски фондации, во Дневникот 2 на МРТ1 во десетдневниот период од 2 до 11 октомври бележито место преку новинарски извештаи им е отстапено на: академската дебата организирана од Факултетот за безбедност, со учество на Министерството за внатрешни

работи, во врска со состојбата на безбедносниот систем на Република Македонија; Собранието (*Комисијата за одбрана и безбедност / Министерството за одбрана*) донесе одлука, поради најавите за нови бегалски и мигрантски бранови, кризната состојба да се продолжи до 30 јуни 2017 година; реакциите на Стопанската комора за измените во Законот за нотаријат, и барање домашните текстилни фирми да имаат исти услови со странските фабрики; ИПА проектите за прекугранична соработка меѓу Македонија и Албанија; НВО „Ла страда“ со поенти од студијата за условите за живот во прифатните центри за бегалците во Македонија; официјална средба на министрите за одбрана на Словенија и на Македонија; формирање „Балкански медицински сили“; референдум на Студентскиот пленум за правниот статус на Сојузот на студентите; „Соработка за конкурентни економии – свеченост по повод деценија од Централноевропскиот договор за слободна трговија (ЦЕФТА); американски грант за локалитетот Стоби; проект на УСАИД – меѓуетнички дијалог во училишната средина.

## ***Посебни информативни емисии***

### *Дебати*

На 4 октомври 2016 година (реприза на 5, на 7 и на 9 октомври во различни програмски периоди), актуелно-информативната емисија „Од наш агол“ за тема ги имаше актуелните состојби во македонскиот аграр, а гостуваа: Михаил Цветков, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, и Ристо Велков, претседател на Сојузот на синдикатите на земјоделските производители. Во рамките на емисијата емитуван е тематски прилог насловен - „Нема толеранција за узурпаторите на обработливото земјиште“, низ кој е проследен ставот на Цветан Трипуновски, директорот на Инспекторатот за земјоделство.

На 11 октомври, емисијата „Од наш агол“, премиерно емитувана од 20 часот, за тема ги имаше условите за предвремените избори на 11 декември, а полемизираа Александар Новаковски, некогашниот претседател на ДИК, и новинарот Сотир Костов.

***Сектор за програмски работи***